**20161092703**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

Врз основа на член 75-б став (6) од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16), министерот за култура донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА КОНЗЕРВАТОРСКОТО МИСЛЕЊЕ И ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА КОНЗЕРВАТОРСКОТО МИСЛЕЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на образецот на конзерваторското мислење и формата и содржината на образецот на барањето за издавање на конзерваторското мислење.

Член 2

Конзерваторско мислење се издава на образец „Конзерваторско мислење", кој се печати на хартија со бела боја на А4 формат.

Образецот на конзерваторското мислење од став 1 на овој член содржи:

- назив на надлежната јавна установа за заштита на недвижно културно наследство и правен основ за издавање на конзерваторското мислење;
- наслов: КОНЗЕРВАТОРСКО МИСЛЕЊЕ;
- диспозитив;
- образложение;
- потпис на одговорното лице;
- доставено до:
- место за печат.

Образецот на конзерваторското мислење од став 1 на овој член е даден во Прилог бр. 1 и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Барањето за издавање на конзерваторско мислење се поднесува на образец „Барање за издавање на конзерваторско мислење ", кој се печати на хартија со бела боја на А4 формат.

Образецот на барањето од став 1 на овој член содржи:

- назив на надлежната јавна установа за заштита на недвижно културно наследство и правен основ за издавање на конзерваторското мислење;
- наслов: „Барање за издавање конзерваторско мислење";
- податоци за подносителот на барањето: (целосен назив на подносителот на барањето (установата/правното/физичкотолице), адреса/седиште, податоци за контакт);
- податоци за градбата за која се бара конзерваторско мислење: (назив на градбата, лоцирана на: ул., на КП, во КО, евидентирана во Имотен лист бр, во контактната зона на споменичката целина/поединечно заштитеното добро);
- прилог: (назив на проектот според интервенции, број и датум);
- образложение на барањето;
- датум и место на поднесување на барањето и

- потпис на подносителот на барањето.

Образецот на барањето од став 1 на овој член е даден во Прилог бр. 2 и е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 52-6475/1
25 мај 2016 година
Скопје

Министер за култура,
д-р **Елизабета Канческа-Милевска,** с.р.

Прилог бр. 1

________________________________________________________(назив на надлежната јавна установа за заштита на недвижно културно наследство) решавајќи по барањето на __________од_____________, поднесено под број_______________од____________ година, врз основа на член 75-б став (1) од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16) издава

КОНЗЕРВАТОРСКО МИСЛЕЊЕ

1. На поднесителот на барањето____________________(целосен назив на подносителот на барањето) му се издава позитивно конзерваторско мислење за преземање на мерки на непосредна заштита на градбата (назив на градбата__________, лоцирана на: ул.__________________________________, катастарска парцела КП_____________, катастарска општина КО____________, евидентирана во Имотен лист бр. ____________________, во контактната зона на споменичката целина/поединечното заштитено добро ___________________________, согласно Основниот проект за_____________________________(назив на проектот според видот на интервенции) бр._________од _____________година, кој е составен дел на ова мислење.

2. На градбата од точката 1 од ова мислење се преземаат следниве мерки на непосредна заштита:

-

-

-.......

3. Градбата од точката 1 на ова мислење нема статус на поединечно заштитено добро.

**Образложение**

Поднесителот на барањето____________________(целосен назив на подносителот на барањето) достави барање за издавање конзерваторско мислење (бр._________ од _________ година).

Во прилог кон барањето поднесителот на барањето___________(целосен назив на подносителот на барањето) достави Основен проект за_____________ (назив на проектот според видот на интервенции) бр._________од ______________година.

Надлежната јавна установа за заштита на недвижно културно наследство _______________________________________ утврди дека Основниот проект за______________ (назив на проектот според видот на интервенции) бр.__________од _______________година е изработен согласно Законот за заштита на културното наследство и Правилникот за конзерваторските проекти.

Мерките на непосредна заштита кои се преземаат на градбата (назив на градбата________________, лоцирана на: ул__________________________________, катастарска парцела________________________, во контактната зона на споменичката целина/поединечното заштитено добро____________________, се во согласност со режимот на заштита за контактната зона на споменичката целина/поединечното заштитено добро_____________________, утврден во Законот за прогласување на ____________________________/ Одлуката за прогласување на културно наследство од особено значење на Владата на Република Македонија бр. __________________ од _________________ година/Решението бр.____________од__________година донесено од Управата за заштита на културното наследство/ Решението бр._____од_______година донесено од надлежната јавна установа за заштита на недвижно културно наследство.

Потпис на одговорното лице,

М.П. ______________________________

Прилог бр. 2

До:____________________________________________________

(Назив на надлежна јавна установа за заштита на недвижно културно наследство)

**Б А Р А Њ Е**

**за издавање кознерваторско мислење**

| **1. Податоци за поднесителот на барањето:** |
|---|
| - Целосен назив на поднесителот на барањето (установата/правното/физичкото лице);______________________________________________________________ ______________________________________________________________ |
| - Адреса/седиште:______________________________________________ |
| - Податоци за контакт:__________________________________________ |

| **2. Податоци за градбата за која се бара конзерваторското мислење:** |
|---|
| - Назив на градбата: ______________________________________, лоцирана на: ул.______________________________________, на КП __________во КО________________________, евидентирана во Имотен лист бр.____________, во контактната зона на споменичката целина/поединечно заштитеното добро______________________________________________________ |

| **3. Прилог:** |
|---|
| - Основен проект за______________________________________ (назив на проектот според видот на интервенции) бр.___________од __________година |

| **4. Образложение на барањето:** |
|---|
| |

**Датум:**___________________________

**Место:**___________________________

**Поднесител на барањето**

___________________________